Врз основа на член 383,384 и 387 од Закон за трговските друштва, Одборот на директори на Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ АД – Куманово објавува

# Ј А В Е Н   П О В И К

за одржување на редовна годишна седница на Собранието на акционери на

ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД – КУМАНОВО

Годишното Собрание ќе се одржи на ден 28.05.2011 година со почеток во 11,00 часот во просториите на ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД- Куманово

За работата на седницата на Собранието се предлага следниот

## ДНЕВЕН РЕД

### I. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ

1.Верификација на списокот на присутни акционери односно нивни претставници и полномошници

2.Утврдување на кворум за работа и одлучување

3.Избор на бројачи на гласови

4.Избор на комисија за спроведување на тајно гласање составена од три члена.

### II. РАБОТЕН ДЕЛ

1.Избор на претседавач со Собранието

2.Усвојување на записник од последната седница на Собранието.

3.Разгледување и усвојување на годишна сметка, финансиски извештаи, годишен извештај за работата на друштвото за деловната 2010 година и извештај на независни ревизори и донесување на одлука.

4.Донесување на одлука за распределба на добивката остварена по годишната сметка и финансиски извештаи за 2010 година.

5.Донесување на одлука за разрешување на членови на Одбор на директори

6.Донесување на одлука за избор на членови на Одбор на директори

7.Донесување на одлука за награда на неизвршни членови на Одбор на директори

8.Донесување на одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2011 година.

**Вкупниот број на акции во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД- Куманово е  491.000 акции.**

**Вкупен број на гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас во ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД-Куманово на ден на објава на јавен повик е 462.620 акции.**

**Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на собранието.**

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието е должен да го пријави своето учество на Собранието (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на свиканото собрание.

Пријавите да се достават до ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД- Куманово - Одбор на директори на Друштвото или по електронски пат на info@fzc11oktomvri.com.mk

**Собранието ќе одлучува само за прашањата кои се уредно ставени на дневниот ред согласно Законот за трговските друштва.**

Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат.

Податоци за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk

Согласно Законот за трговските друштва, акционери кои поединечно односно заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас имаат право да доставaт предлог за дополнување на дневен ред и одлуки по точките од дневниот ред

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик во дневен весник, а подетални информации за постапката на доставување на предлози и прашања може да се најдат на официјалната интернет страница на друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото. Одговор на поставените прашања се дава на самата седница или преку интернет страницата на Друштвото.

Материјалите за Собранието на Друштвото и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во седиштето на Друштвото на улица 11 Ноември б.б. во Куманово и на официјалната интернет страница на Друштвото www.fzc11oktomvri.com.mk.

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ НА ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД - КУМАНОВО**